Почитувани граѓани,

Кавадарци бара промени. За да се стави точка на политиката која ја гуши слободата и ги ништи нашите перспективи и која донесе страв и рекордна сиромаштија. Кавадарци бара промени за да раскрсти со моќниците кои владеат со кавги и поделби и кои сакаат да контролираат се, економијата, медиумите, нашите животи. Немаме дилеми дека Кавадарци мора да биде општина со јасна перспектива и растечка економија. Кавадарци може да биде место за основање семејство, градење кариера и мирно живеење.

Избори се добиваат со многу работа, разум и посветеност. Нудиме проекти за справување со проблемите на Кавадарци и кавадарчани. Слобода, еднаквост и солидарност се вредности во кои веруваме. Не ги сметаме за пароли тука за обврска. Овие избори не смеат да бидат натпревар на лаги и нереалани ветувања туку натпревар на идеи и концепти. Се додека така биде, нашата победа е на повидок. Затоа Ве повикувам на силна и моќна изборна трка. На реален и молскавичен финиш во кој вашиот глас одлучува.

Имам визија за нашето Кавадарци. Ние младите, со помошта, знаењето и искуството на сите оние кои учествуваа во градењето на нашето општество, имаме можност, шанса да направиме место какво што отсекогаш сме посакувале. Место каде сите ние ќе си подаваме рака и каде на секој од нас подеднакво силно ќе чука срцето за нашето Кавдарци.

Се кандидирав за градоначалник затоа што е време за фундаментални промени во секој сегмент на нашето општество. Затоа што моите родители, вашите родители, заслужуваат спокојни пензионерски денови во кои ќе се радуваат гледајќи ги своите најмили како чекорат напред. Затоа што сакам младите својата

егзистенција да ја имаат во Кавадарци, затоа што сакам поубава и подобра иднина за сите, развиена европска урбана средина и сестран прогрес, и конечно, затоа што убеден сум дека ќе успееме

да го направиме Кавадарци место каде секој ќе го живее својот сон.

За Кавадарци, за иднината на Кавадарци, СЕГА!

Искрено Ваш,

Бетиан Китев

# Инфраструктура

## Гасификација

***Проблем:***

Град Кавадарци нема централен систем за парно греење. Во осумдесетите години во новиот центар на Кавадарци кој што опфаќа од 6000 до 10 000 жители, има инсталирано мрежа за греење и котлара на мазут која што никогаш не проработила. Институциите, правните и физичките лица се греат на струја, нафта и дрва.

***Решение:***

Изградба на гасификациона станица и мрежа која што според искуството на ЛС Струмица ќе ги намали трошоците за затоплување на институциите, правните лица и физичките луца со минимум 50 % во однос на наефтиното гориво кое што се користи во моментот.

## Водовод и канализација

***Проблем:***

Недостатокот на вода во Кавадарци е горлив проблем кој што трае 20 години. Во летниот период повеќе од 70 % од населението е подложено на рестрикции и тоа од 14.00 до 18.00 часот и од 00.00 до 05.00 часот. И покрај ветувањата на ВМРО ДПМНЕ и актуелниот градоначалник Александар Панов, проблемот со водата не е решен.

***Решение:***

Изготвен е проект кој што обезбедува додатни 200 (кубни метри во секунда) кои што од страна на новиот градоначалник треба да се реализараат и со тоа ќе биде решен проблемот со водоснабдувањето на Кавадарци. Ќе се набават нови хлоринатори за сите водоснабдителни системи во населините места и ќе се изврши замена на старите водоводни системи и ќе помогниме во изнаоѓање на решени за Росоман со што ќе се обезбеди заштеда на вода за Кавадарци која досега се

испорачува за Росоман. Рок за реализација: првата година од мандатот на градоначалникот.

***Проблем:***

Најприоритетен проблем за решавање претставува отстранување на неподнисливата миризба помеѓу населбата Глишиќ и селото Марена, а која е резултат на непостоење на прочистителна станица и колекторски ситем на овој дел од Општината

***Решение***

Набавка и инсталирање на прочистителна станица и колектор со кој ќе се реши трајно овој проблем и за дел од граѓаните на Кавадарци, граѓаните од населба Глишиќ, с.Марена, сопствениците на објекти и сопствениците на земјоделски култури во регион по течението на реката Луда Мара.

## Сообраќај

***Проблем:***

Заради густината на сообраќајот централното градско подрачје има потреба од негово растеретување. Улица 7ми Септември на која се наоѓа главниот мост има целосна потреба од негова реконструкција. Локална самоуправа Кавадарци во координација со Полициска станица Кавадарци има потреба од решевање на овој долгогодишен проблем лоциран на ова подрачје од градот.

Рекострукција на главниот мост кај Јаворот со смена на оградата и целосна реконструкција на мостот лоциран на крајот од Ваташа, кој што е единствениот мост на регионалниот пат кој што го поврзува Кавадарци со Бошавијата и поранешната општина Конопиште и Ски Центарот Кожув.

***Проблем:***

Кавадарци располага само со еден покриен паркинг простор кој што опслужува 30-тина паркинг места, а останатите паркинг места се во склопот на станбените згради. Постои огромен недостаток на паркинг места особено во централното градско подрачје, посебно во пазарните денови ( Среда, Петок и Недела ).

***Решение:***

Изградба на катна гража позади хотел Балкан или над полициското паркче, која што ќе опслужува минимум 150 паркинг места . Наплатата на паркинг просторот ќе биде најмногу 10 денара дневно.

Изградба на паркинг за тешки возила. Во Кавадарци има транспортни компании кои располагаат со околу 1000 тешки возила, во недостаток на паркинг за возила од оваа категорија имаме паркирање на тешките возила по улиците на град Кавадарци кои го отежнуваат собраќајот. Градоначалникот со изнаоѓање на земјиште во сопственост на град Кавадарци преку јавно-приватно партнерство ќе изгради паркинг од овој вид. Рок: во текот на градоначалничкиот мандат.

***Проблем:***

Локалната самоуправа Кавадарци до сега не го реши еден од клучните сообраќајни проблеми на спојот на улиците Моша Пијаде и Западен Булевар над ООУ Гоце Делчев.

***Решение:***

Уште во првата година од својот мандат, Бетиан Китев, кандидатот за градоначалник од коалицијата Сојуз за иднината, планира по примерот на развиените општини, во Кавадарци да се изгради современо сообраќајно решение на принципот Кружен тек. Со тоа ќе се обезбеди непречено и безбедно одвивање на сообраќајот. Овој проект ќе биде реализиран од буџетот на Општината пред се од ставката Капитални инвестиции во периодот 2013-2014година.

## Пазари

***Проблем:***

Кавадарци располага со еден градски пазар кој се наоѓа во централното градско подрачје. Пристапните патишта до градскиот пазар претставуваат тесно грло во собраќајот, поради тоа настанува невиден хаос во собраќајот. Овој градски пазар е тежок за хигиенско одржување а поради тоа што е непокриен претставува огромен проблем, за изложувачите на земјоделски производи а посебно за купувачите на производи во зимски услови.

***Решение:***

На местото на постоечкиот зелен пазар, изградба на нов покриен градски пазар и воедно и трговски центар. Во новиот центар во град Кавадарци изградба на еднокатен мини покриен градски пазар позади катастарот. Рок за реализација на проектот: во текот на целиот градоначалнички мандат.

А во село Ваташа изградба исто така на мал градски пазар од двете страни на реката Луда Мара кај „Домот на културата" каде треба да се обезбедат од локалната самоуправа додатни 15 тезги за потребите на с. Ваташа. Рок за реализација: во првите шест месеци од мандатот.

## Речно корито

***Проблем:***

Изградба на недовршеното речно корито на реката Луда Мара. Бидејќи проектот е веќе започнат а не е довршен согласно постоечките договори за негова целосна реализација градоначалникот ќе превземе конкретни активности за довршување на веќе почнатата реализација за речното корито на реката Луда Мара.

Првата фаза од првиот мандатот на градоначалникот да се доизгради и оплемени речното корито до мостот кај кадрово мало.

# Инвестиции и економски развој

## Капитални инвестиции

***Проблем:***

Кавадарци има потреба од нова детска градинка. Сегашниот градоначалник и локалната власт ниту почнаа, ниту најавија ваков проект од капитално значење за нашата општина.

***Решение:***

Тргнувајќи од нашето мото „Иднината сега!“, кандидатот за градоначалник Бетиан Китев заедно со советниците од коалицијата Сојуз за иднината, ќе реализираат изградба на современа ,енергетски ефикасна детска градинка која ќе одговори целосно на потребите кои сега ги имаат децата кои во моментот немаат можност за слободен и целосен среќен развој на нивното детство.

Градинката ќе биде изградена на ул. „Праведничка“ во урбана заедница Слога со промена напостоечкиот Генерален урбанистички план и пренамена на постоечкото земјиште. Капацитетот на градинката ќе опфати околу 700 до 800 наши дечиња. Овој проект ќе биде реализиран од буџетот на Општината пред се од ставката Капитални инвестиции во перидот 2014-2016 година.

# Подобри услуги за граѓаните

## Администрација

***Проблем:***

Ефикасност на општинската администрацијаДенес општина Кавадарци, пред се, нејзината администрација заедно со градоначалникот се тешко достапни. Граѓаните секојдневно реагираат на немањето можност на било кој начин на некој од одговорните да ги кажат своите маки и барања.

***Решение:***

24 часа за решавање на комунален проблем. Веднаш по превземањето на општинската власт ќе биде воспоставена телефонска линија каде граѓаните преку повик, смс порака или преку испраќање електронска порака до општинската администрација или градоначалникот за јавен проблем од областа на осветлувањето, јавната чистота и други надлежности од делокругот на локалната администрација ќе можат да ја информираат општината, која во рок од 24 часа ќе биде должна да го реши конкретниот проблем.

Исто така ќе се отвори канцеларија во која ке се вработат од 3(тројца) до 5(пет) лица Агрономи кои советодавно  ке делуваат на теренот на Тиквешијата а на сметка на Буџетот на Локална Самоуправа Кавадарци.

# Квалитетен живот

## Спорт

***Проблем:***

Денес спортот во Кавадарци е целосно запоставен. Едноставно ниту еден колективен спорт не е во рамките на нормалното функционирање на еден квалитетен спортски колектив.

***Решение:***

Приоритет на идниот градоначалник на Кавадарци, Бетиан Китев, ќе биде целосно менување на таа слика. Оние колективни спортови како фудбалот, машката и женска кошарка, машкиот и женски ракомет целосно ќе бидат ставени под општинска закрила. На тој начин преку давањето шанса на докажаните спортисти во поодделни области, а со директна финансиска помош од Општината клубовите ќе го вратат стариот сјај. Повеќекратно ќе се зголеми буџетот на Сојузот на спортови и ќе се помагаат на секој начин сите младински школи од екипните и поединечните спортови, се со една цел - да го поттикнеме и откриеме секој млад спортски талент, но и да ги оддалечиме младите од денешните пороци.

## МЕРКА ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА СИРОМАШТИЈАТА

Утврдување на минимален достоинствен приход со цел да им се помогне на сиромашните и социјално исклучените грашани во нашето Општество.

# Моето маало

## Страшо Пинџур

М.О. 659 од ѓраѓаните има поплаки од ромското население под мостот поточно во делот на хигиената ( направена е депонија од сметот што го фрлаат под мостот каде што се шири миризба) . Исто така во тој дел се случуваат почести кражби од истите.

Решение: Поголема контрола во однос на безбедноста на граѓаните и посериозен пристап на Ј.П. Комуналец во однос на хигиената во тој дел.

## 662

Најгорливиот проблем на оваа месна заедница која ги опфаќа дел од Кавадарци и селата Глишиќ, Марена и Сопот е изградбата на колектор.

Решение: По промената на власта новиот состав во Локалната Самоуправа во Кавадарци ќе вложи максимални напори за довршивање на колекторскиот систем ( Глишиќ-Марена – Сопот) и со тоа трајно решавање на отпадни води.

Покрај овој проблем граѓаните бараат и обнова на селското фудбалско игралиште и осветлување на улицата Ванчо Чавкаров.

Решение : Во програмата на кандидатот е предвидено дека ќе се зголеми неколку пати буџетот за Сојузот на спортови и дирекно Локалната Самоуправа ќе помага за заживување спортот и напуштените спорски објекти.

Улицата Ванчо Чавкаров уште во првиот месец од доаѓање на власт ќе се осветли.

## Кула 663, 664, 665, 666, 667, 668

Во М.О. 664 се наоѓа градскиот пазар каде што после пазарните денови останува смет од кој што се шири непријатна миризба во целото централно подрачје на градот.

Решение : Се до одпочнувањето на реализација на проектот “Градски Пазар” посериозен пристап на Ј.П. Комуналец во однос на хигиената после секој пазарен ден и реконструкција на градскиот тоалет.

# 665

-Паркот во оваа маало одамна служи како збиралиште на наркозависници во вечерните часови.

Решение : Поголема контрола на безбедносните служби во вечерните часови и осветлување на самиот пазар.

-Улицата Питу Гули не е доволно осветлена.

Решение: Уште во првввиот месец од мандатот ќе се стави оваа улица во програмата за осветлување на улици при ЛС Кавадарци.

# 668

Деновите кога се организира сточен пазар се шири непријатна миризба.

Решение: Дислокација на сточниот пазар вон населено место.

# Љубаш

Граѓаните од М.З од Љубаш имаат проблем со водоснабдувањето односно честите рестрикции, имаат потреба од парк и технолошка вода за наводнување, улиците Јадранска и Балканска да се средат ,на Егејска улица да се ревидира новоизградената канализација затоа што при поголеми дождови се излева по улицата и домовите...

Решение: Проблемот со рестрикциите на вода ќе се решава генерално преку капиталното решавање на водоснабдувањето во Кавадарци преку изнаоѓање на нови извори на вода.

Малото паркче ќе се реновира, скалите ќе се бетонираат наново и паркчето ќе се осветли.

Улицата "Јадранска" во М.О. 671 треба да се санира бидејќи на повеќе места има отвори (дупки) од нередовно одржување на улицата.

На улица "Балканска" ќе се прередат коцките или ќе се асфалтира.

Егејска улица ќе се раскопа на местото каде е навдено од граѓаните и ке се утврди што е проблемот и тој експресно ке се отстрани.

# Браќа Досеви 675, 676, 677, 678

## М.О. 676

Реконструкција на улицата "Битолска" каде што ќе се обезбеди и подобар пристап за возила.

На улицата Дешка Тошева има потреба од изградба на нова атмосверска канализација.

На улицата Иван Мазев се чувствува непријатната миризба од градската депонија.

# Ќиро Крстев 679, 680, 681

Реконструкција и обезбедување на подобар пристап на улицата "БошкоБуха" во М.О. 680

Реконструкција и асфалтирање на улицата "Брушанска" во М.О. 680

Поголема хигиена на речното корито на реката "Луда Мара". Се фрла отпад во реката и се загадува.

Решение: Планирано е во програмата на СДСМ доизградба на речното корито на реката до мостот кадрово маало уште во првата фаза на мандатот.

На улицата Методиј Џунов Џико бр.133 е потребен подпорен зид над улицата.

# Задругар 682, 683, 684

Реконструкција на улица"Пиринска" во М.О.683. Оваа улица е руинирана и има проблем при поројни дождови.

На улица Ресавска често се случува поплава од атмосверски води.

# Браќа Џунови 685, 686, 687

Најгорлив проблем во 687 поточно кај црвените згради зад хотелот Балкан е седиштето на невладината организација Зона каде што се делат шприцови на наркозависниците. Во влезовите на зградата се собираат наркозависници и остават употребени шприцови.

Решение: Овозможување на простории на невладината со која би се дислоцирало седиштето на истата на место што е недостапно за мали деца.

Во М.О. 687 се наоѓа цетралниот парк каде што подолго време се уништива зеленилото и служи за збиралиште на наркозависници и деликвенти. Исто така тука е импровизиран паркинг на таксисти кои што непрописно се паркираат и предизвикуваат потешкотии во одвивањето на сообраќајот на улицата.

Решение: Поголема ажурност на безбедносните служби во ноќните часови. Посериозен пристап на Ј.П. Комуналец во однос на одржување на зеленилото и хигиената во паркот. Поголема контрола на полицијата за прописното паркирање на такси возилата.

## Дреново

Гравен проблем на жителите на С.Дреново е недостаток на вода за наводнување на земјоделските површини. Жителите на ова село воглавно егзистираат од земјоделието и тоа раноградинарски култури и овошни насади.

Решение: Изградба на канал за наводнување за кој што веќе има проект во кој е предвидено донесување на вода од вештачката акумулација "Тиквешко Езеро" кој што ќе обезбеди достапност на технолошка вода за наводнување до земјоделските насади.

## Раец 696

Главен проблем на жителите на с. Раец е канализационата мрежа, осветлувањето на улиците во село Раец и пристапниот пат до селото Раец.

Решение: Изградба на канализациона мрежа, реконструкција и доградба на уличното осветлување во село Раец и реконструкција и проширување на пристапниот пат до село Раец.

## Возарци 698

Главни проблеми на жителите на с. Возарци е недостигот на забавно паркче за деца и мини спортска сала во склоп со основното училиште во село Возарци.

Решение: Изградба на забавно мини паркче за деца на соодветна локација во с. Возарци, изградба на мини спортска сала во склоп на основното училиште.

## Сопот 702

Главен проблем во с.Сопот е изнесување на сметот(ѓубрето) од страна на Комуналното Претпријатие.

Решение: с.Сопот ке биде ставено во програмата на ЈП Комуналец од Кавадарци за изнес на смет во соодветна депонија.

## Марена 703

Во с. Марена жителите и секој кој поминува низ селото може да забележи дека на сред село се шири неподнослива миризба поради непостоење на колектор на реката Луда Мара.

Решение: Колекторот ги опфаќа канализационите одводи на потегот од Кавадарци н. Глишиќ до с. Марена. Тој зафат чини од 800.000 евра до 1.000.000 евра пари кои ќе се обезбедат од буџетски средства на ЛС но и со помош од Владата или фондовите од меѓугранична соработка.